РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Бр. / Nr. 01-1569/1
31.03. 2023 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Орган на државна управа (назив) | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| Изработил (име, презиме и функција) | Емилија Петреска - Камењарова, помошничка - раководителка на Секторот за програмски работи (координаторка)<br>Сашо Богдановски, раководител на Одделението за човекови права и медиумска писменост во Секторот за програмски работи (заменик-координатор) |
| Период на известување | 01.01. - 31.12.2022 година |
| Датум на поднесување на извештајот | 31.03.2023 |

Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност

Датум, 31.03.2023

Име и презиме д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Потпис

(Одговорно лице во органот на државна управа)

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

______________________

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

Потпис

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

| |
|---|
| 2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)<br>А) Позитивни<br>Б) Охрабрувачки<br>В) Програмски<br><br>- Агенцијата, следејќи ги обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите, спроведува годишни анализи на третманот на родовите прашања и на начинт на кој жените и мажите се прикажани во телевизиските програми. Од 2012 година наваму, анализите се спроведени врз различни примероци од програмата на националните телевизии, почнувајќи од вестите и информативната програма, забавната програма, утринската програма, програмите за деца, известувањето за време на изборна кампања, во спортските програми и – во 2022 година, повторно во забавните емисии. Овие анализи даваат увид во присуството и начинот на обработка на родовите прашања, прифаќањето на родот како релевантен новинарски аспект за обработка на сите актуелни теми од страна на медиумските професионалци, дали и кои стереотипи се присутни во медиумите.<br><br>- Освен ова, Агенцијата изработува и анализи кои содржат показатели за полот кај сопствениците и кај вработените во радијата и телевизиите. |
| **2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**<br><br>Во 2022 година, годишната анализа на третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и мажите по повеќе години се навраќа на забавните програми за да се провери каква е состојбата со родовите теми и присуството/третманот на жените и мажите во нив.<br><br>**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**<br><br>Ваквиот тип на индикатори (количина на стоки или услуги, опфатени жени и мажи) е неприменлив за анализите што ги изработуваме. |
| **2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**<br><br>Во крајот на 2022 година беше изработена посебна веб страница www.rodotimediumite.mk која претставува надградување на досегашниот посебен дел од веб страницата на Агенцијата посветен на родот во медиумите. Страницата беше официјално промовирана во февруари 2023 на заеднички настан на МТСП и АВМУ, наменета е и за медиумските професионалци и за граѓаните/ките воопшто и е достапна и за лицата со сетилна попреченост.<br><br>***Повеќе детали има во точка 5.*** |

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

Во Буџетот на Агенцијата за 2022 година, беа предвидени посебни ставки за остварување на конкретни обврски поврзани со родот во медиумите, но, како и секогаш, за оваа намена беа искористени средства предвидени во рамките на општи ставки какви што се печатење, превод, трошоци поврзани со организирање и реализирање настани и сл.

За истражувањето „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", кое беше објавено во почетокот на 2022 година, на Институтот РЕСИС му беа исплатени 600.000,00 денари;

За печатењето на публикацијата „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", беа исплатени 400.764,00 денари;

За превод на „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", на албански јазик беа исплатени 78.057,00 денари.Преводот на англиски јазик го изработи колешка од АВМУ;

За изработка на посебната веб страница www.rodotimediumite.mk на компанијата Тринити и беа исплатени 70.8000,00

***

Во Буџетот за 2022 година беа издвоени 708.000,00 денари за јавната набавка за истражувањето на родовите 2022 кое заврши во почетокот на 2023, поради што овие средства се префрлени во Буџетот за 2023, кога се и исплатени (во висина од 511.000,00 денари).

Освен ова, за печатењето на македонската верзија на „Водичот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите", трошоците беа покриени од средства во рамки на проектот ЈУФРЕКС2.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Агенцијата, во 2022 година ги реализираше сите предвидени активности и некои дополнителни.

- Изработката на истражувањето „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", беше финализирана во почетокот на 2022 година. Неа ја спроведе Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, избран на јавна набавка, кој своите обврски ги заврши со официјалното презентирање на наодите на првиот јавен состанок на Агенцијата за 2022 година, којшто се одржа (онлајн) на 28 март. Ова истражување беше отпечатено и доставено до сите релевантни субјекти и објавено и во онлајн и во печатена верзија.

- Се спроведуваше истражувањето Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите за 2022 година спроведено врз примерок од забавни емисии емитувани на девет национални телевизии и изработено од Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Беше финализирано на почетокот на 2023 година и промовирано на првиот јавен состанок на АВМУ за 2023 (28 март).

- Согласно обврските од НАП-от за Истанбулската конвенција, Агенцијата, на 9 јуни, реализираше Работилница за медиумски професионалци: Родово засновано насилство и професионалните стандарди за новинарско известување" со претставници од националните радија и телевизии. Работилницата беше реализирана во соработка со невладиниот сектор и со независна експертка.

***<u>Повеќе детали за овие и за сите други активности има во одговорите под точка 5 од овој извештај.</u>***

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

Не е применливо

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

Не е применливо

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Агенцијата и во 2022 година ја продолжи соработката со организациите од невладиниот сектор, која овозможува инклузивност и координиран пристап во процесот на подигнување на свеста за родовите прашања во сите релевантни сфери:

- Како што е наведено во одговорот под точка 5, Работилницата за медиумски професионалци: Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување", што се одржа на 9 јуни, беше спроведена во соработка со Коалицијата Маргини, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство и медиумската експертка Марина Тунева.
- Претставничка на Агенцијата, учествуваше на Четвртиот форум на креативните градови за филм од мрежата на УНЕСКО, на тема „Зајакнување на улогата на жената во аудиовизуелните медиуми", кој од 21 до 24 ноември се одржа во Битола, во организација на Битолскиот филмски центар, со поддршка од УНЕСКО, Министерството за култура и Градот Битола. При своето учество, таа ги презентираше наодите од анализите за родот и медиумите на Агенцијата.
- Двајца претставници на Агенцијата, од 5 до 7 декември учествуваа на обуката „Медиумска и информациска писменост во контекст на спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам (P/CVERLT): Адресирање на предизвиците на дигиталното "информациско нарушување", во организација на ОБСЕ, на која одржаа свои презентации што имаа и сегменти поврзани со родовите прашања.
- Тие имаа и свои презентации во врска со родот во медиумите и на онлајн конференцијата „Нов медиумски пејзаж: предизвици и правила" што се одржа на 20 декември и на која говореа и претставници на регулаторните тела од Србија, Бугарија, Португалија и Грција. Конференцијата беше организирана од Центарот за европско уставно право – Фондација Темистоклес и Димитрис Цацос од Грција.

***Повеќе детали за овие и за сите други активности има во одговорите под точка 5 од овој извештај.***

4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?

а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси

* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)

| Структура на вработени во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по пол и звање за 2022 година | | | |
|---|---|---|---|
| Звање | мажи | жени | Број на вработени |
| Директор | 1 | / | 1 |
| Раководител/ка на Сектор | 2 | 4 | 6 |
| Помошник раководител/ка на сектор | 1 | 4 | 5 |
| Раководител/ка на служба | 1 | / | 1 |
| Раководител/ка на одделение | 5 | 5 | 10 |
| Виш/а соработник/чка | 6 | 7 | 13 |
| Соработник/чка | 4 | 6[2] | 10 |
| Помлад/а соработник/чка | 1 | 2 | 3 |
| Виш/а референт/ка | / | 2 | 2 |
| Референт/ка | / | / | / |
| Помлад/а референт/ка | / | / | / |
| Работник/чка во кујна; возач/ка; доставувач/ка; работник/чка на пријавница и домар/ка | 2[3] | 3 | 5 |
| Вкупно | 23 | 33 | 56 |

б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)

* приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**

**Опишете според:**

**а) Постигнати резултати**

**б) Реализирани активности**

**в) Индикатори за мерење успешност**

**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

Агенцијата, во 2022 година ги спроведе сите свои законски обврски, обврските од оперативните планови, како и дополнителни активности насочени кон подобрување на родовата еднаквост во медиумите и генерално во општеството и за подигање на свеста за потребата родовите прашања да бидат инкорпорирани во главните токови. Оперативниот план на АВМУ за Истанбулската конвенција за 2022 година е достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/02/Operativen-plan-za-2022-za-Akciskiot-plan-za-Istanbulskata-konvencija-2018-2023-rotated-1.pdf, додека, ваков план не беше направен за Стратегијата за родова еднаквост зашто тогаш

[2] На 5 февруари 2022 г. на една од 7-те работника во оваа категорија (соработничка) и престана работниот однос во Агенцијата заснован на определено време.

[3] На 4 октомври 2022 г. со еден од 2-та работника во оваа категорија, за работното место (возач) е заснован работен однос во Агенцијата на определено време, за период од 1 (една) година.

не беше усвоена.

**А. Истражување**

Како што е пропишано со Законот за еднакви можности, и предвидено со Програмата за работа на АВМУ за 2022 година, регулаторното тело реализираше истражување на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во ТВ програмите за 2022 година, кое овојпат е посветено на забавните програми. Анализата ја изработи Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, кој ја доби јавната набавка, во соработка со Одделението за човекови права и медиумска писменост на Агенцијата, кое го раководи заменик-координаторот за еднакви можности. Примерокот за ова истражување се состои од вкупно 191 издание од 37 забавни емисии емитувани во текот на седмиците меѓу 17 мај и 9 јуни 2022 година на девет (9) телевизиски канали на државно ниво (јавни и комерцијални) од кои: седум (7) се емитуваат преку дигитален терестријален мултиплекс, односно: МРТ1 и МРТ2 (на албански јазик) на Јавниот радиодифузен сервис, ТВ Алсат – М (на албански јазик), ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма, еден (1) телевизиски програмски сервис кој се емитува на државно ниво преку сателит: ТВ 24 Вести од Штип, и еден кој се емитува преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа: ТВ Компани 21 - М (на албански јазик).
Финалната верзија на истражувањето беше одобрена на почетокот на 2023 година, презентирана на првиот јавен состанок на АВМУ на 28 март 2023 година, по што беше објавена на www.rodotimediumite.mk. Во текот на годината ќе биде отпечатено, а сублимат ќе биде преведен на албански и на англиски јазик и исто така објавен на веб страницата.
Истражувањето даде квантитативни и квалитативни показатели, и од него произлегоа следниве заклучоци и препораки:

***Заклучоци***

Генерално, може да се заклучи дека во дел од анализираните телевизиски програми отсуствуваше родова сензитивност, додека пак наспроти тоа, забележани беа содржини во кои се преиспитуваа традиционално поставените родови улоги и норми, а жените се промовираа во различните општествени сфери.
Кога станува збор за програмите со забавна функција, жените беа ангажирани почесто како уреднички или како водителки и новинарки во емисиите отколку мажите. Во однос на гостите/гостинките или соговорниците/соговорничките претставени во овие емисии постоеше изедначеност помеѓу мажите и жените. Сепак, анализата на времетраењето на говорот на соговорниците/соговорничките покажа дека за мажите беше одвоен поголем простор. Со други зборови, мажите почесто отколку жените беа активниот агенс во поглед на изразеното мислење и говор.
Од друга страна, пак, анализата на визуелното прикажување, покажа дека на жените им се даваше мала предност споредбено со мажите, односно дека жените беа почесто визуелно застапени во прилозите. Прикажаните мажи беа најчесто лица од повозрасната категорија, а жените доминираа во помладите возрасни категории.
Сето ова укажува на важноста што се придава на мислењето на мажите – особено на постарите и поискусните мажи, но и важноста што се придава на визуелната претставеност на жените, односно помладите жени.
Анализата, исто така, покажа дека конкретно, родовите прашања и теми, не беа привлечни при обмислувањето на забавните емисии. Повеќе се инсистираше на „ексклузивност“ и „традиционалност“.
Родовите релации и теми најмногу беа обработени во две емисии од странско производство – Република Србија и Република Турција, како и во една емисија од домашно производство. Во овие емисии, во одредена мера беа отсликани традиционалните и стереорипните општествени конструкти, со цел за зголемување на гледаноста. Но, во нив дополнително можеше да се забележи и одредено преиспитување на родовите улоги и општествени норми.
Во некои емисии, пак често можеше да се забележи однос помеѓу водител(к)ите и соговорниците/соговорничките кој укажуваше на блискост и пријателство. Всушност, во овие односи се пресликуваше говорот што луѓето го користат во приватната сфера, во затворените кругови на блиски пријатели. Но, кога тоа ќе се преслика и во јавниот говор, во медиумите, тогаш одговорноста е поинаква. Во овие разговори неретко можеа да се слушнат стереотипни и традиционални ставови и вредности, што пак укажува на ставовите кои циркулираат на општествено ниво. Овие содржини ја зголемуваат гледаноста, но тоа често оди и на штета на афирмација на родовата еднаквост.
Во поглед на анализата на родовиот дискурс, се забележуваше поприлична шареноликост – од патријархални и стереотипни дискурси, преку родово слепило и неутралност, до афирмативни дискурси кон родовата рамноправност. Иако генералниот заклучок кој се однесува на еден ваков голем примерок е дека повеќето од содржините беа родово неутрални, сепак можеа да се забележат и двете крајности – на содржини со впечатливо традиционални аспекти и со впечатливо прогресивни и современи ставови во поглед на родовата рамноправност. Во содржините кои беа афирмативни кон родовата рамноправност често можеа да се забележат преиспитувања на традиционалните родови улоги, промоција на женското учество во сите општествени сфери, обработка на сензитивни теми како родово заснованото насилство и сл.

Родовите улоги во кои најчесто беа претставени мажите и жените беа оние на професионалци/професионалки, естрадни лица, но беа застапени и општествените и семејни улоги на гостите/гостинките, особено кај лицата што не беа дел од јавниот живот. Генерално гостите/гостинките, односно и мажите и жените, беа претставени како активни и успешни, но кај одредени емисии имаше и прикажување кое е традиционално во поглед на патријархалните норми.
Иако станувашe збор за емисии со забавна функција, за кои постои впечаток дека придаваат поголемо внимание на физичкиот изглед, општиот заклучок е дека анализираните емисии најчесто не придаваа важност на физичкиот изглед на мажите и жените доколку тоа не беше релевантно за ситуацијата. Како и во претходниот случај, постојат исклучоци во поглед на ова кај одредени емисии, односно се јавуваше истакната важност на надворешниот изглед кај жените, особено во емисиите кои се однесуваа на модата и музичките емисии. Сепак, генерално, од целокупниот примерок, не беше забележано истакнато објективизирачко прикажување на телата на жените и мажите.
Во однос на вклученоста на маргинализираните групи во темите, може да се заклучи дека тие беа минимално или речиси незабележително присутни во содржините на емисиите од забавен карактер.

***Препораки***
Подигањето на свеста кај јавноста во поглед на важноста на родовите теми и прашања е клучно во поглед на подобрување на состојбите со еднаквите можности на мажите и жените и промовирањето на родовите права и еднаквост. Телевизиите, како аудиовизуелни медиуми, имаат најголемо влијание врз јавноста, креирањето на реалноста и општоприфатените вредности и дискурси. Сето ова говори за одговорноста што телевизиите ја имаат кон јавноста и општеството.
Препораките, кои произлегуваат од оваа анализа, а се однесуваат на проактивниот однос и вклученост на телевизиите во афирмирање на вредностите на еднаквост меѓу мажите и жените, се во насока на зголемување на родовата еднаквост, која воопштено ќе ја подобри забавната понуда на телевизиите:
- Користење на родовата перспектива при обработка на теми кои можат да бидат третирани од родов аспект и кои овозможуваат родово афирмативен пристап;
- Согласно претходната препорака, да се подигне нивото на свесност за значајноста на овие прашања, АВМУ да продолжи да организира обуки за користење на родовата перспектива и за подигнување на свесноста за родова сензитивност и родова еднаквост со уредниците/уредничките на телевизиите.
- Исто така, поради изоставувањето на маргинализираните групи од содржините на програмите со забавна функција, препорачуваме упатства/насоки за уредниците/уредничките на телевизиите за поголема едукација, воопшто за маргинализираните групи, нивна инклузија и поголема видливост;
- Телевизиите да делуваат проактивно: преку своите програмски содржини, на пример во забавните емисии, да воведат содржини со кои би се „неутрализирале“ непосакуваните скриени пораки и стереотипното, сексистичко и објективизирачко претставување на мажите и жените, особено за емисиите кои доаѓаат од странските продукции.

**Б. Посебна веб страница**
Новина во полето на родот и медиумите е иницијативата на регулаторот за изработка на посебна веб страница, со која досегашниот линк „Родот и медиумите“ се одвои од матичниот сајт на АВМУ и се претвори во ресурсен центар за новинар(к)ите како и за сите засегнати субјекти во ова поле, кој е достапен на www.rodotimediumite.mk. Во тој контекст, во текот на јули беа одржани консултативни состаноци со претставник на економскиот оператор кој беше избран за изработката на страницата, како и со проектната координаторка на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – за можноста за споделување на нивните ресурси. Веб страницата, по направените финални консултации со претставнички на Секторот за еднакви можности при МТСП, беше официјално промовирана, на 7 февруари 2023 година на заедничка прес-конференцијата на министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска и директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски. Страницата има двојна улога. Од една страна, таа е ресурсен центар наменет за медиумите и новинарите на кој можат да најдат домашна легислатива и меѓународни акти за родовите вклучувајќи го и родово заснованото насилство; истражувања од Агенцијата и од граѓански организации за различни родови прашања и теми; линкови до центри за социјална работа, граѓанските организации, СОС линии, мобилна апликација за безбедност на жените итн. Нејзината друга намена е да им помогне на граѓаните/ките да дојдат до релевантни информации, меѓу другото, и за тоа како да пријават родово засновано и семејно насилство. Оваа веб страница е пристапна за лицата со попреченост, со примена на стандардот WCAG 2.1.

**В. Обука за медиумските професионалци за известување за родово засновано насилство**
На 9 јуни, во просториите на Агенцијата беше одржана Работилница за медиумски професионалци: Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување“ на која учествуваа претставници од 13 национални телевизии и радија (и од Јавниот сервис и од комерцијалните радиодифузери) од кои, 11 беа жени, а двајца мажи. Ова е логична активност по изработката на „Водичот на АВМУ за мониторинг

на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите" во 2021 и обуката за мониторинг на известувањето за родовозасновано насилство одржана во декември 2020 година, во рамки на втората фаза од проектот ЈУФРЕКС „Слобода на изразување и слобода на медиумите во РС Македонија" (заеднички спроведуван од ЕУ и СоЕ). На Работилницата со свои презентации и прилози учествуваа: Ирена Цветковиќ од Коалиција Маргини, Ана Нушкова од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, медиумската експертка Марина Тунева и Емилија Петреска – Камењарова од АВМУ. За учесниците/чките беа обезбедени примероци и од „Водичот на АВМУ..." и од „Прирачникот за известување за родово базираното насилство" кој беше изготвен во рамки на проектот на ХОПС („Different discourse - better reality, Media in combating gender based violence – Strengthening media literacy on GBV" кој е дел од Регионалната програма на UN Women за елиминација на насилството врз жените, поддржан од Европската унија и канцеларијата на UN Women во Скопје) во кој учествуваше АВМУ.

**Г.Јавни дебати и други активности за промовирање на наодите од истражувањата и поттикнување дискусија**

- На првиот јавен состанок на Агенцијата, кој се одржа на 28 март 2022 година, презентирани беа наодите од истражувањето „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", кое за потребите на регулаторното тело го изработи Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС (избран на јавна набавка). Фокусот на ова истражување беше ставен на известувањето на радиодифузерите за спортските настани во земјата и светот, во периодот пред и за време на Летните олимписки игри 2020 (кои поради Ковид - кризата се одржаа во 2021 година). Наодите од оваа анализа покажаа доминантно присуство на мажи меѓу спортист(к)ите и новинар(к)ите во спортските емисии. Дополнително, востановено беше занемарливото присуство на жени меѓу спортските работници/чки. Според вообичаената пракса на Агенцијата, истражувањето првично беше објавено на сајтот на АВМУ, во делот за Родот и медиумите, потоа беше отпечатено и доставено до Собранието, до претседателката, членовите и замениците на членовите на собраниската Комисија за еднакви можности на жените и мажите, до Министерството за труд и социјална политика, до Агенцијата за млади и спорт, тогашната советничка за спорт во Владата, до спортските редакции на националните телевизии и на други релевантни адреси. Публикацијата беше преведена на албански и на англиски јазик, а сите три јазични верзии, најпрвин беа објавени на соодветните јазични верзии на веб сајтот на АВМУ во делот Родот и медиумите, а потоа преместени на посебната страница www.rodotimediumite.mk. Таа беше проследена до меѓународните организации со кои соработува Агенцијата.

**Д. Обезбедување родово разделени податоци за структурата на сопственоста и на вработените во аудио и аудиовизуелната индустрија** (согласно член 18 од Законот за еднакви можности на жените и мажите и други активности)

Агенцијата ја изработи редовната анализа на сопственоста на радиодифузерите за 2022 година, во која се се наведени физичките лица кои се крајни сопственици на медиумите е достапна на https://bit.ly/3JFvU1G, како и годишната анализа на структурата на вработените во радиодифузијата за 2021 година https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/09/Struktura-na-vrabotenite-vo-audio-i-audiovizuelnata-mediumska-industrija-vo-2021-godina.pdf.

**Ѓ. Други активности**

- На 7 февруари, до експертка ангажирана од МТСП беа испратени (по електронска пошта) мислење и коментари за нацртите на националниот акциски план за родова еднаквост (2021-2023) и оперативен план на МТСП за 2021-2022. На барање на експертката, на 11 февруари, координаторката и заменик-координаторот за еднакви можности одржаа состанок со неа на кој се разговараше за деловите од нацртот на националниот акциски план за родова еднаквост кои се однесуваат на медиумите. На 6 октомври, координаторката и заменик - координаторот за еднакви можности во АВМУ одржаа уште еден онлајн состанок со стручната консултантка за Националниот план за родова еднаквост 2022 – 2024, а на 7 октомври ги доставија и своите коментари и забелешки за НАП-от. Кон крајот од годината (16 декември) тие учествуваа и на средба на работната група за НАП-от за родова еднаквост 2022 – 2024, чија цел беше комплетирање на документот со деталите и предвидениот буџет.
- На 10 февруари, претставничка на Агенцијата учествуваше на јавна дебата за Предлог - стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година. Во таа прилика, таа ги презентираше ставовите и предлозите на АВМУ за нацрт - верзијата на Стратегијата подготвена со учество на членовите на Националното координативно тело и експертска поддршка на Елена Грозданова од МТСП. На 17 февруари беше испратен допис до МТСП со забелешки и предлози од АВМУ во врска со Предлог Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година.
- На 22 февруари беше даден придонес кон одговорот на Барањето за информации од јавен карактер

поднесено од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, за активностите што Агенцијата ги има преземено во втората половина од 2021 година, за остварување на НАП-от за Истанбулската конвенција.

- На 20 април, 3 претставници/чки од Агенцијата учествуваа на онлајн настан во организација на Институтот за комуникациски студии насловен „Како до подобро родово известување на медиумите во Македонија".
- Во рамки на соработката со меѓународните организации и други субјекти, на 7 јуни, две претставнички на Агенцијата учествуваа на работна средба на тема „Студија за учеството на жените во политичките процеси во Северна Македонија: Мешана слика за родовата еднаквост во контекст на локалните избори во 2021 година", организирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и финансирана од Швајцарската агенција, а на неа беше реферирано и на податоците од анализата на Агенцијата за претставувањето на политичарките за време на изборното медиумско претставување за изборите 2020 година.
- Координаторката и заменикот-координатор за еднакви можности во Агенцијата во јули, на барање на МТСП, одговорија на онлајн прашалникот во врска со примената на родоводоговорното буџетирање во АВМУ и евентуалните потреби од обуки.
- Понатаму, на 14 јули, тие учествуваа и на работната средба на која беа презентирани наодите од мониторинг извештаите за напредокот на државата при спроведување на активностите предвидени во Националниот акциски план (2018-2023) за имплементација на Истанбулската Конвенција за период од октомври 2018 - декември 2021, во организација на МТСП во рамките на проектот „На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во Република Северна Македонија" финансиран од Фондацијата „Kvinna till Kvinna"(The Kvinna till Kvina Fondation), а имплементиран од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.
- На 18 јули, Агенцијата испрати допис до телевизиите во кој им препорача бесплатно да ја емитуваат кампањата за подигање на свеста за сите форми на родово засновано насилство, насловена „Со тебе сме - заедно против насилството врз жените и девојчињата", изготвена од МТСП со финансиска поддршка од Кралството Холандија. Оваа кампања е дел од обврските кои се предвидени со Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) 2018-2023, и АВМУ е институција партнерка во нејзиното реализирање. Инаку, телевизиите во дописот беа потсетени дека Согласно Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (2021), медиумите се еден од факторите кои треба „да преземат мерки за јакнење на свеста во однос на сите форми на родово-засновано насилство" и во тој контекст, меѓу другото, треба да „спроведуваат кампањи за препознавање на последиците од родово-засновано насилство врз жените и семејното насилство" (член 34). Спотовите од оваа кампања се објавени на Јутјуб каналот и на веб страницата на АВМУ, а беа споделени и преку www.mediumskapismenost.mk и на профилите на Фејсбук, Твитер и Инстаграм на Мрежата за медиумска писменост. За сите преземени активности беше известено МТСП.
- Родот во медиумите беше тема и на кусото интервју на координаторката за еднакви можности за документарниот магазин „Приказна", кој се емитуваше на МТВ 1 на 19 септември. Овој проект е поддржан од ЕУ, а во емисијата се зборуваше за најчестите стереотипи, сексизмот и родовата дискриминација на жените и мажите во програмите на медиумите.
- Како една од поважните активности на координаторката и заменик-координаторот за еднакви можности е и учеството на првата евалуациска посета на Групата експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство (ГРЕВИО), во Република Северна Македонија на 26 септември. Посетата следуваше по доставениот Прв извештај на државата во врска со имплементацијата на Истанбулската конвенција, а беше организирана од МТСП како координатор на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата.
- Претставничка на Агенцијата, на 17 ноември, учествуваше на промоцијата на Прирачникот за менторство како дел од тригодишната програма „Жени за жени во јавната администрација" – во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и МТСП;
- На 25 ноември беше одговорено и на прашалник на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), за анализа на правната рамка и практиките на вклучување на родовите аспекти во работата на институциите на централно ниво, со фокус на Владата на Република Северна Македонија, министерствата и нивните органи.
- Координаторката за еднакви можности, на 5 декември, учествуваше на презентацијата на анализата „Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија" - во организација на МТСП, Секретаријатот за европски прашања и Канцеларијата на ОН Жени во РС Македонија
- На 6 и 7 декември, координаторката за еднакви можности учествуваше на регионалната конференција „Родово одговорни политики – Добри пракси и предизвици од регионот" – во организација на МТСП.
- На 27 декември беа донесени Оперативниот план на АВМУ за 2023 година за реализирање на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство 2018-2023 (објавен на: https://rodotimediumite.mk/wp-content/uploads/2023/03/Operativen-plan-za-2023-godina-za-realiziranje-na-Akciskiot-plan-za-sproveduvanje-na-konvencijata-za-sprecuvanje-i-borba-protiv-nasilstvo-

vrz-zenite-i-domasno-nasilstvo.pdf) и Оперативниот план на АВМУ за 2023 година за спроведување на Националниот план за акција за родова еднаквост (објавен на: https://rodotimediumite.mk/wp-content/uploads/2023/03/Operativen-plan-za-2023-godina-za-sproveduvanje-na-nacionalniot-plan-za-akcija-za-rodova-ednakvost-2022-2026.pdf).

- Во законскиот рок, до МТСП беше доставен и годишниот Извештај на координаторката и на заменик-координаторот за еднакви можности во АВМУ, кој е достапен: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/04/Godisen-izvetaj-na-organite-na-drzavnata-uprava-za-napredokot-za-ednakvi-moznosti-za-zenite-i-mazite-do-MTSP.pdf.

| |
|---|
| 5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?<br><br>Да |
| **5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**<br>**Дали тие во обуките се јавиле како:**<br><br>**а) координаторка за еднакви можности**<br>/<br>**б) заменик координатор за еднакви можности**<br>/ |
| **5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**<br><br>**а) координаторка за еднакви можности**<br>- EU Directives – Main Requirements and effective Implementation (June 2016)<br>- Gender Equality – Key Concepts and the Relevance to the work of Ministries (June 2016)<br>- Основна обука за родова сензибилизација, посебна обука за Стручната служба на АВМУ одржана од Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика (февруари, 2018),<br>- Обука за изработка на Оперативен план за спроведување на активности од Националниот план за Акција за родова еднаквост 2018-2020 (јуни 2019).<br>- Работилницата за регулаторното тело за медиуми и саморегулаторното тело за етика во медиумите за регулација, саморегулација и мониторинг на примената на стандардите за известување во случаите на родовобазирано насилство во медиумите, проект ЈУФРЕКС2 спроведен од СоЕ и ЕУ (декември 2020)<br>- Обука во врска со родовобазираното насилство наменета за медиумски професиналци, организирана од ХОПС, Маргини и Националната мрежа за борба против насилство врз жените и семејно насилство. Обуката се одржа во рамки на проектот „Different discourse - better reality, Media in combating gender based violence – Strengthening media literacy on GBV“ кој е дел од Регионалната програма на UN Women за елиминација на насилството врз жените, поддржан од Европската унија и канцеларијата на UN Women во Скопје. (март 2021 година).<br><br>**б) заменик координатор за еднакви можности**<br>- EU Directives – Main Requirements and effective Implementation (June 2016)<br>- Gender Equality – Key Concepts and the Relevance to the work of Ministries (June 2016)<br>- Основна обука за родова сензибилизација, посебна обука за Стручната служба на АВМУ одржана од Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика (февруари, 2018),<br>- Обуката за родовите аспекти на проценка на влијанието на регулативите. Тренингот беше дел од проектот: „Родово рамноправна ЕУ интеграција? – градење капацитети на женските граѓански организации“, кој е спроведуван од Фондацијата Жена за жена (Фондација Kvinna till Kvinna) и Реактор – Истражување во акција (септември 2019).<br>- Работилницата за регулаторното тело за медиуми и саморегулаторното тело за етика во медиумите за регулација, саморегулација и мониторинг на примената на стандардите за известување во случаите на родовобазирано насилство во медиумите, проект ЈУФРЕКС2 спроведен од СоЕ и ЕУ (декември 2020)<br>- Обука во врска со родовобазираното насилство наменета за медиумски професиналци, организирана од ХОПС, Маргини и Националната мрежа за борба против насилство врз жените и семејно насилство. Обуката се одржа во рамки на проектот „Different discourse - better reality, Media in combating gender based violence – Strengthening media literacy on GBV“ кој е дел од Регионалната програма на UN Women за елиминација на насилството врз жените, поддржан од Европската унија и канцеларијата на UN Women во Скопје. (март 2021 година). |
| **5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br><br>**Ве молиме опишете:** На различните настани учествуваат различни колколеги/колешки кои потоа споделуваат информации од настаните. |

| |
|---|
| 5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?<br><br>/ |
| 5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?<br><br>/ |

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

| |
|---|
| **6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**<br><br>И натаму главен предизвик е незаинтересираноста кај медиумите и медиумските работници, без оглед на полот и позицијата/функцијата. |
| **6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**<br><br>Ќе продолжиме да ја применуваме практиката да ги презентираме родовите прашања на состаноци на кои има повеќе теми или да организираме настани заедно со други субјекти или настани поврзани со медиумска писменост за да ги привлечеме медиумите. |
| **6.3. Наведете примери за научени лекции**<br><br>Види одговор под 6.2 |

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

| |
|---|
| **7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**<br><br>Ќе ги имплементираме активностите од Оперативниот план на АВМУ за Истанбулската конвенција за 2023 година (достапен онлајн на: https://rodotimediumite.mk/wp-content/uploads/2023/03/Operativen-plan-za-2023-godina-za-realiziranje-na-Akciskiot-plan-za-sproveduvanje-na-konvencijata-za-sprecuvanje-i-borba-protiv-nasilstvo-vrz-zenite-i-domasno-nasilstvo.pdf), од Оперативниот план на АВМУ за 2023 година за спроведување на Националниот план за акција за родова еднаквост (достапен онлајн на: https://rodotimediumite.mk/wp-content/uploads/2023/03/Operativen-plan-za-2023-godina-za-sproveduvanje-na-nacionalniot-plan-za-akcija-za-rodova-ednakvost-2022-2026.pdf), како и законски обврски за надзор (од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и за истражувања (од Законот за еднакви можности на жените и мажите). |

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

| |
|---|
| **8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**<br>**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**<br>/<br>**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**<br>/ |